UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP
FACULTY OF LAW



# STUDENT’S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2018, ISSUE NUMBER 6

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW

ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

ISSUE 6 VOLUME VI

YEAR 2018

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2018, Issue Number 6**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Assistant professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Teaching assistant at the Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Ass. Elena Maksimova, LL.M.
Elena Trajkovska, Student
Kire Ivanov, Student

**Editor in chief**
Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# С О Д Р Ж И Н А

**АНДОВ Дејан**
*Извршување заради наплата на парично побарување* .......................................................3

**ГЛИГОРОВА Магдалена**
*Однесувањето на гласачите во функција на креирањето на изборна стратегија*
.............................................................................................................................13

**ДОНЕВА Наташа**
*Боите на криминалот* ..........................................................................................35

**ЃУРЃАЈ Никола**
*Хармонизација на албанското право со европското право во делот на заштита на малцинствата* ......................................................................................................47

**ИВАНОВА Наташа**
*Убиство - поим, класификациа и стапка на убиство во Република Македонија 2012 - 2017 година* ...........................................................................................................57

**КРСТЕВ Трајче**
*Европскиот економски и социјален комитет и неговата улога во донесувањето на одлуките во Европската Унија* ..................................................................................63

**МИТРЕВА Рената**
*Прикривање на стоки кои се предмет на криумчарење и царинска измама* ..................71

**МЛАДЕНОВСКИ Александар**
*Вовед во лажни вести – дефинирање и категоризирање*.................................................87

**ПАВЛОВСКИ Марјан**
*Слободното движење на работната сила – предизвик на законодавството на Европската Унија и на Република Македонија* ...............................................................93

**ТАСЕВА Елена, ГЕОРГИЕВА Мартина**
*Правата на жената при склучување работен однос, со осврт на забраната за дискриминација при работа поради личен статус бременост* .......................................101

**ЏИДРОВА-КРСТОВА Наталија**
*Собирање и изведување на доказите во кривична постапка* ........................................119

**КРСТЕВ Трајче** **УДК: 341.17(4-672EU)**

## ЕВРОПСКИОТ ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛЕН КОМИТЕТ И НЕГОВАТА УЛОГА ВО ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОДЛУКИТЕ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

**Апстракт:** Овој труд го обработува и анализира Европскиот економски и социјален комитет и улогата на истиот во донесувањето на одлуките во Европската Унија.
Посебен акцент ќе се даде на составот на Европскиот економски и социјален комитет, односно на групата на работодавачи, групата на работници и групите со различни интереси кои го сочинуваат Комитетот, неговите оддели како и неговата внатрешна организација.
Во трудот се прикажани надлежностите на Европскиот економски и социјален комитет и неговите приоритетни задачи.
Исто така е прикажана и улогата што ја има Европскиот економски и социјален комитет во донесувањето на одлуките во Европската Унија.
На крајот од трудот се дадени заклучните согледувања за надлежностите и улогата на ЕЕСК во донесувањето на одлуките во Европската Унија.
**Клучни зборови**: *работодавачи, работници, интересни групи, советодавно тело, законодавство.*

**KRSTEV Trajche** **UDK: 341.17(4-672EU)**

## THE EU'S ECONOMIC AND SOCIAL COMMITTEE AND ITS ROLE IN THE DECISION-MAKING PROCESS IN THE EUROPEAN UNION

**Abstract:** This paper provides detailed analysis of the EU's Economic and Social Committee and its role in the decision-making process in the European Union.
Special emphasis will be placed on the composition of the EU's Economic and Social Committee, such as the group of employers, the group of workers and the groups with various interests that comprise the Committee, its departments and its internal organization.
The paper presents notonly the competences of the EU's Economic and Social Committee and its priority tasks, but also it shows the role of the EU's Economic and Social Committee in making decisions in the European Union.
At the end of the paper, concluding observations on the competences and role of the EESC in the decision-making process in the European Union are given.
**Keywords**: *employers, workers, interest groups, advisory body, legislation.*

### Вовед

Европскиот економски и социјален комитет (ЕЕСК) постои уште од самиот почеток на она што денеска се нарекува Европска Унија, односно основан е во 1957 година со потпишување на Римскиот договор. Неговото седиште се наоѓа во Брисел, Белгија. Тој претставува форум кој придонесува за јакнење на демократскиот легитимитет и ефикасноста на Европската Унија така што им овозможува на организациите на граѓанското општество од земјите членки изразување на европски ставови. Комитетот е замислен како тело кое со давање на совети на Европскиот

парламент, Европскиот совет и Европската комисија ќе пружи помош во настојувањето да европската политика и законодавство подобро ја одржуваат економската, социјалната и граѓанската стварност. Задача му е и да го промовира развојот на Европската Унија со што поголемо вклучување на разни засегнати страни како Европската Унија што повеќе би им се приближила на граѓаните. ЕЕСК го осигурува институционалниот форум на организираното граѓанско општество за застапување, информирање, изразување и дијалог.[1]

## 1. Состав на Економско-социјалниот комитет на Европската Унија

Европскиот економски и социјален комитет има 350 членови од сите држави членки на Европската Унија кои се именуваат со обновлив мандат од пет години. Моменталниот мандат трае од ноември 2015 година до септември 2020 година. Членовите ги предлагаат националните влади, а ги именува Советот на Европската Унија. Својата должност членовите ја извршуваат независно и во интерес на сите граѓани на Европската Унија. Бројот на членови по земја е во размер со бројот на жители на таа земја.

Членовите делуваат во склоп на три групи кои ги претставуваат работодавачите (Група на работодавачи), работниците (Група на работници) и разни интересни групи како на пример земјоделци, слободни професии, потрошувачи итн. (Групи на различни интереси). Секоја група има свој секретаријат. Членовите на Економско-социјалниот комитет сами бираат на која група ќе се придружат.

Членовите на Европскиот економски и социјален комитет можат доброволно да се здружуваат во интересни групи кои застапуваат различни економски и социјални интереси на организираното граѓанско општество на Европската Унија и се составени од членови од сите три групи.[2]

Службено, членовите на Европскиот економски и социјален комитет ги предлагаат владите на државите членки, а ги именува Советот како што претходно споменавме за мандат од пет години и без ограничувања во бројот на мандати. Претставниците на работодавачи владите ги бираат на предлог на работодавачките здруженија, додека претставниците на работниците се бираат на предлог на синдикалните организации во државите членки. Во изборот на претставниците на останатите интересни групи владата делува послободно, па неретко се случува да бидат избрани оние организации кои се идеолошки блиски на партијата на власт.[3]

- **Група на работодавачи**

Групата на работодавачи ги поврзува претприемачите и претставниците на здруженијата на претприемачи кои работат во индустрискиот, трговскиот, услужниот и земјоделскиот сектор во земјите – членки на Европската Унија. Членовите се активни во светот на бизнисот и се во допир со фактичката состојба на теренот. Тие се искрено посветени на искористување на сопственото искуство за подобрување на европскиот проект.

---

[1] https://www.vecernji.hr/vijesti/kako-europski-gospodarski-i-socijalni-odbor-pomaze-razvoj-eu-597532(Објавено на 12 август 2013 година).
[2] https://www.eesc.europa.eu/hr/members-groups.
[3] Чепо, Д – Институции на Европската Унија – Правен факултет, Универзитет во Загреб (страна 27).

Групата ја промовира европската интеграција преку поддршка на развојот на бизнисот, кои играат клучна улога во развојот на просперитетно општество и создавање на нови работни места.

Во овој предизвикувачки економски период Економско-социјалниот комитет е единствената европска институција која ги поврзува претприемачите и луѓето кои се целосно вклучени во економскиот и социјалниот живот на нивната матична земја. Овие актери го прават гласот на претприемачите на европско ниво.

Групата на работодавачи тесно соработува со пет од најголемите деловни организации – BusinessEurope, CEEP, EUROCHAMBRES, EuroCOMMERCE и UEAPME. Многу од членовите на групата на работодавачи се исто така членови на овие организации.[4]

- **Група на работници**

Групата на работници се состои од претставници на национални синдикати, синдикални конфедерации и секторски сојузи. Членовите на групата претставуваат повеќе од 80 синдикални организации, кои се главно поврзани со Европската конфедрација на синдикати (ETUC) или неговите секторски сојузи.

Иако европскиот социјален модел служи како пример за голем дел од светот, сè уште има многу луѓе кои живеат во тешки услови или се исклучени од општестовото поради сиромаштија, дискриминација, недостаток на образование или други неповолни околности.

Клучни приоритети на групата на работници секогаш биле целосно вработување, подобрување на условите за живот на работниците во Европа и благосостојба на сите граѓани на Еворпската Унија, како и работниците и нивните семејства во другите континенти.

Групата е целосно посветена на проширување и зајакнување на ЕУ како област на просперитет слобода и демократија, заемна поддршка, солидарност и социјална кохезија и има за цел да им обезбеди на работниците вистинска улога во креирањето на политики во Европа.[5]

- **Групи на различни интереси**

Постоењето на групи на различни интереси, заедно со групата на работодавачи и групата на работници, му гарантира на комитетот обележје на динамична сила, со што му овозможува во потполност да ги застапува интересите на различни социјални, професионални, економски и културни организации коишто го сочинуваат граѓанското општество во државите членки. Во склад со воведените измени, предвидени со Договорот од Лисабон, групата на различни интереси е составена од други претставници и засегнати страни на цивилното општество, особено оние во економските, граѓанските, професионалните и културни подрачја.

Единствено обележје на групата на различни интереси е широкиот спектар на застапените интереси, нејзините членови доаѓаат од организацијата на земјоделците,

[4]https://www.eesc.europa.eu/hr/members-groups/groups/employers-group
[5]https://www.eesc.europa.eu/hr/members-groups/groups/workers-group

малите претпријатија, занаетчискиот сектор, слободните професии, актерите на социјалната економија (задруги, фондации и непрофитни организации), организацијата за заштита на потрошувачите, организации за заштита на животната средина како и здруженијата кои што ги застапуваат интересите на семејството, женските прашања и прашања поврзани со родовата рамноправност, младите, малцинските и социјално загрозени групи, лица со инвалидитет, волонтерски сектор, како и здравствена, правна, научна и академска заедница.

Заедничка цел е да се оствари вистинска економска, социјална и партиципативна демократија во ЕУ. Слоганот на групата на различни интереси гласи: „Остварување на вистинска партиципативна демократија во ЕУ со помош на граѓанскиот дијалог“, а нејзиното дејствување се засновува на вредностите коишто ги опфаќаат следните три подрачја:

1. Разноликост во демократијата;
2. Постигнување на консензус и
3. Европски граѓански ангажман – локално дејствување. [6]

ЕЕСК има шест оддели задолжени за одредена област и советодавна комисија:

1. ECO – Економска и монетарна унија, економска и општествена кохезија;
2. INT – Единствен пазар, производство и потрошувачка;
3. TEN – Сообраќај, енергија, инфраструктура и економска и социјална кохезија;
4. REX – Надворешни односи;
5. NAT – Земјоделство, рурален развој и животна средина;
6. SOC – Вработување, општествени прашања и граѓанство;
7. CCMI – Советодавна комисија за индустриски промени.[7]

## 2. Внатрешна организација на ЕЕСК

Внатрешната организација на ЕЕСК предвидува претседател и претседателство со најмногу 37 членови, кои се избираат на 2 години. Претседателството ја уредува работата на ЕЕСК, во што му помага генералниот секретаријат. Во моментов ЕЕСК и Комитетот на регионите имаат заедничка организациска структура. ЕЕСК во моментов како што претходно споменавме има шест стручни групи, односно оддели што ги подготвуваат ставовите. Со тоа стручните групи ги покриваат сите политички области на ЕЗ. Една стручна група се занимава со надворешните односи на ЕУ. Дополнително постои и „Советодавна комисија за индустриските промени“, што ги презеде задачите на поранешниот Советодавен комитет за овие прашања, кој пак беше распуштен со истекувањето на Договорот за ЕЗЈЧ[8] и во која, покрај членовите на ЕЕСК, се застапени и други претставници на интереси од секторот јаглен и челик. Договорот од Лисабон

---

[6] https://www.eesc.europa.eu/hr/members-groups/groups/skupina-raznih-interesa.

[7] https://www.vecernji.hr/vijesti/kako-europski-gospodarski-i-socijalni-odbor-pomaze-razvoj-eu-597532 (Објавено на 12 август 2013 година).

[8] Договорот за основање на Европската заедница за јаглен и челик е потпишан на 18 април 1951 годима помеѓу Франција, Западна Германија, Италија и трите Бенелукс – земји (Белгија, Луксембург и Холандија) со кој се основа Европската заедница за јаглен и челик (ЕЗЈЧ), која подоцна стана дел од Европската Унија. Договорот стапил на сила на 23 јули 1952 година, а истече на 23 јули 2002 година, точно педесет години откако стапи на сила.

предвидува само мали измени во институционалните одредби и правата за учество на ЕЕСК, во однос на оние утврдени во Договорот од Ница. Исклучок е продолжувањето на периодот на назначување на пет години[9].

### 3. Надлежности на Европскиот економски и социјален комитет

ЕЕСК им овозможува на интересните групи службено да ги изнесат своите мислења за законодавните предлози во Европската Унија. Негови три клучни задачи се:

- Да се осигура дека политиката и правото на Европската Унија се прилагодуваат на економските и социјалните услови, барајќи консензус со цел да се исполнат заедничките интереси;

- Да се промовира учеството во ЕУ со давање глас на организациите на работници и работодавачи и други групи на интереси и да се обезбеди дијалог со нив;

- Да ги промовира вредностите на европската интеграција и да ја зајакнат улогата на партиципативната демократија и организациите на граѓанското општество.[10]

### 4. Улогата на Економско-социјалниот комитет на Европската Унија во донесувањето на одлуките во Европската Унија

Покрај триаголникот Комисија-Совет-Парламент, постојат и низа советодавни тела со коишто мора да се извршат консултации кога се предлага законодавството кое ги вклучува нивните области на интерес. Дури и ако нивниот совет не се прифати, тоа допринесува демократскиот надзор на законодавствата на Евопската Унија да биде предмет на најширока контрола.

Тие советодавни тела се:

- Европскиот економски и социјален комитет, кој ги застапува групите на граѓанското општество како што се работодавачи, синдикати и општествени интересни групи и
- Комитетот на региони, кој обезбедува да се чуе гласот на локалните и регионалните управи.[11]

Европскиот Економско-социјален комитет има советодавна улога и негова задача е да ги известува институциите одговорни за донесување на одлуките во Европската Унија за мислењето на претставниците на економските и социјалните партнери. Во одредени посебно наведени области одлука може да се донесе дури откако Советот или Комисијата ќе се советуваат со Комитетот. Тоа се на пример земјоделска

[9] Веселс, В и Вајденфелд,В.Европа од А до Ш – Прирачник за европска интеграција (страна 211).
[10] https://europa.eu/european-union/about-eu/institutions-bodies/european-economic-social-committee_hr.
[11] http://publications.europa.eu/resource/cellar/a18032ff-7062-4cf2-be7a-7654a2fa4721.0002.02/DOC_1 - страна бр. 7.

политика, слободно движење на луѓе и услуги, политика на сообраќај итн. Парламентот, Комисијата и Советот исто така може да се советуваат со Комитетот во сите случаи кога мислат дека тоа е потребно, а Комитетот може да одлучи да даде мислење исто така кога смета дека тоа е потребно. Комитетот може да се состанува на сопствена иницијатива, но најчесто се свикува на барање на Советот или на Комисијата.[12]

Европскиот економски и социјален комитет секоја година објавува помеѓу 160 и 190 мислења и информативни извештаи, од кои 70 проценти на барање на Советот, Европската комисија и Еворпскиот парламент. Околу 21 процент од нив се самоиницијативни мислења и инфомативни извештаи, а 9 проценти се мислења врз основа на набљудување, воглавно на барање на државата која претседава со Европската Унија.[13] Ставовите на Економско-социјалниот комитет, по правило, не се усвојуваат едногласно, но тие често претставуваат консензус на застапуваните групи. Во извештаите за работата на ЕЕСК се истакнува дека Европската комисија, Европскиот парламент и Советот на Европа земаат во предвид околку две третини од неговите препораки и предлози.[14] На овој начин со давање на мислења на повисоките институции како што се Советот, Европската комисија и Европскиот парламент пред да донесат одредени одлуки, Европскиот економски и социјален комитет игра доста важна улога во процесот на одлучување во Европската Унија.

## Заклучок

Врз основа на претходно споменатото можеме да заклучиме дека Европскиот економски и социјален комитет претставува важен сегмент во донесувањето на одлуките во Унијата преку својата советодавна улога. Неговите клучни задачи се да се осигура дека политиката и правото на Европската Унија се прилагодуваат на економските и социјалните услови, барајќи консензус со цел да се исполнат заедничките интереси, да се промовира учеството во ЕУ со давање глас на организациите на работници и работодавачи и други групи на интереси и да се обезбеди дијалог со нив како и да ги промовира вредностите на европската интеграција и да ја зајакнат улогата на партиципативната демократија и организациите на граѓанското општество. Во одредени посебно наведени области одлука може да се донесе дури откако Советот или Комисијата ќе се советуваат со Комитетот. Тоа се на пример земјоделска политика, слободно движење на луѓе и услуги, политика на сообраќај итн. Со ова се потврдува неговата доста важна улога во донесувањето на одлуките, односно законодавството во Европската Унија.

## Користена литература

Веселс, В и Вајденфелд, В - Европа од А до Ш (Прирачник за европска интеграција);
Мајхошев, А – Функционирање на Економско – социјалниот совет на Република Македонија во периодот 1997 – 2007 година;
Чепо, Д – Институции на Европската Унија – Правен факултет, Универзитет во Загреб;

[12] https://uprava.gov.hr/europski-gospodarski-i-socijalni-odbor-14026/14026.
[13] https://www.eesc.europa.eu/hr/our-work.
[14] Мајхошев, А – Функционирање на Економско – социјалниот совет на Република Македонија во периодот 1997 – 2007 година (страна 22).

https://www.vecernji.hr/vijesti/kako-europski-gospodarski-i-socijalni-odbor-pomaze-razvoj-eu-597532 - Веб сајт на Вечерни Лист;
https://www.eesc.europa.eu/hr/members-groups - Вебсајт на Економско социјален комитет на ЕУ(членови и групи во ЕЕСК);
https://www.eesc.europa.eu/hr/members-groups/groups/employers-group - Вебсајт на Економско социјален комитет на ЕУ (Група на работодавачи);
https://www.eesc.europa.eu/hr/members-groups/groups/workers-group - Вебсајт на Економско социјален комитет на ЕУ (Група на работници);
https://www.eesc.europa.eu/hr/members-groups/groups/skupina-raznih-interesa - Вебсајт на Економско социјален комитет на ЕУ (Груп на различни интереси);
https://europa.eu/european-union/about-eu/institutions-bodies/european-economic-social-committee_hr - Веб сајт на Европска Унија;
http://publications.europa.eu/resource/cellar/a18032ff-7062-4cf2-be7a-7654a2fa4721.0002.02/DOC_1 - Како функционира Европската Унија (страна бр.7);
https://uprava.gov.hr/europski-gospodarski-i-socijalni-odbor-14026/14026 - Веб сајт на Министерството за администрација на Република Хрватска;
https://www.eesc.europa.eu/hr/our-work - Вебсајт на Економско социјален комитет на ЕУ (Активности на ЕЕСК).